ИЗЛОЖБИ





# РЕАЛНИОТ ПРОСТОР - ПРОСТОРОТ НА СЛИКАТА

***Изложба на фотографии на Сузане Бригер, Томас Деманд и Хајди Шпекер во Музејот на современата уметност во Скопје, организирана во соработка со Амбасадата на СР Германија, ИФА-Штутгарт и Гете Институтот од Белград***

Изложбата насловена „Реалниот простор - просторот на сликата" опфаќа тројца германски автори - Сузане Бригер, Томас Деманд и Хајди Шпекер, претставници на трите нивоа на современата германска фотографија, во која веќе не се зема предвид автентичниот карактер на една фотографија, туку се оди на уметничко разјаснување. Основен проблем на споменатите автори е толкувањето на просторот. Како што се вели во предговорот на изложбата, „...нагласеноста на просторот... е во тесна врска со нему спротивставените поими реалност и слика...". Токму овие поими, на различен начин, се илустрирани во делата на Сузане Бригер, Томас Деманд и Хајди Шпекер, при што овие автори користат, исто така, различни приоди и технички зафати за нивно „објаснување". Она што, на прв поглед, се забележува, а на што се укажува и во насловот на изложбата, е фактот дека за нив просторот постои како простор на (во) сликата, односно како уметничка конструкција на одредени појави од реалноста, а не како реалност сама по себе.



Сузане Бригер ги разгледува проблемите на просторот преку прашањата на димензија и фотографски сразмер, при што користи „карти", односно фотографии на град снимени од височина. Со псевдонаучна постапка на сецирање на картите и со делење на фрагменти на „шаблоните на нашата цивилизација", го надополнува овој, во основа, архитектурален пристап за креирање „надреален" простор на сликата. Документарните фотографии, разложени на фрагменти и со тоа креирани на нов начин, ги користи за иронично преиспитување и манипулирање со информативните системи, кои влијаат врз доживувањето на светот. Притоа, традиционалната фотографска постапка служи како средство за дистанцирање и објективизирање од нашиот наизглед толку вистински простор и ја доведува во прашање улогата на фотографијата (и нејзината научноистражувачка употреба) како медиум за спознавање на светот.

Томас Деманд, како подлошка за своите фотографии, користи веќе објавени фотографии како примери и како поттик за трансформација на веќе виденото (и направеното) во нешто ново. Стоејќи пред неговите фотографии (со големи димензии), се добива впечаток на влегување во неверојатно реален простор, што ретко се случува кога знаеме дека станува збор за „класична" фотографија (или изолиран сегмент од некогашна стварност). Токму тука е замката во делата на овој автор - се работи, всушност, за креација на просторот на сликата со рачно конструирани простори од обоен картон. Реконструкцијата на веќе фотографираниот простор не е копија, туку слика за мутираниот простор. Сликата не е слика на соба, туку на виртуелен простор, псевдореалност, прозорец во друг свет... Просторот на Томас Деманд, направен од хартија, е нестварен, кршлив, со што нè тера да се запрашаме дали реалниот простор е онаков каков што ни се чини или каков што е прикажан на фотографијата - носител на информацијата за стварноста.

Хајди Шпекер, како и претходните автори, работи во правец на креирање на просторот на сликата. Таа го конструира просторот со помош на електронските медиуми, што е спротивно на конвенционалната употреба на фотографијата во однос на создавање бои и контрасти. Реалната урбана архитектура зазема централно место во нејзините фотографии, но (повторно) сè се менува во функција на новата слика за реалноста и просторот. Преку дигитална обработка на играта, која се движи меѓу фикција и реалност, архитектурата се ослободува од товарот на реалноста, површините на фасадите на зградите започнуваат да треперат, се нагласува дифузноста на светлината и бојата, а просторот видливо се оддалечува од реалноста и станува некој вид поетска апстракција.

Маја ЧАНКУЛОВСКА